Државната комисија за жалби по јавни набавки врз основа на член 130 од Законот за јавните набавки, одлучувајќи по жалбата на жалителот „НЕОКОМ“ АД Скопје, изјавена против Известувањето за поедноставена отворена постапка бр.12485/2020 за набавка на стоки - Документ менаџмент систем (DMS) и е-архива на договорниот орган Претседател на Република Северна Македонија, врз основа на член 151 и член 160 став (1) точка 1 и став (2), (3), (4), (5) и (6) од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/2019), на 57-та Седница одржана на ден 21.10.2020 година донесе:

## З А К Л У Ч О К

**1. СЕ КОНСТАТИРА** повлекување на жалбата поднесена од жалителот „НЕОКОМ“ АД Скопје, изјавена против Известувањето доставено во поедноставена отворена постапка бр.12485/2020 за набавка на стоки - Документ менаџмент систем (DMS) и е-архива на договорниот орган Претседател на Република Северна Македонија.

**2. СЕ ЗАПИРА** постапката по предметот бр.08-942/1.

**3. Заклучокот** на Државната комисија за жалби по јавни набавки **е конечен по извршената достава.**

## *О б р а з л о ж е н и е*

Државната комисија за жалби по јавни набавки постапувајќи по предметот бр.08-942/1 по однос на жалбата поднесена од жалителот „НЕОКОМ“ АД Скопје, констатира дека со поднесок од 19.10.2020 година доставен од страна на жалителот, истата ја повлекува.

Имено, согласно со член 151 став 1 од Законот за јавните набавки: (1) Жалителот може да ја повлече жалбата до моментот на донесување одлука по жалбата од страна на Државната комисија.

Со оглед на изнесеното, Државната комисија за жалби по јавни набавки одлучи како во диспозитивот од овој заклучок.

Бр.08-942/11
21.10.2020 год.
С к о п ј е

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Кирил Каранфилов**

Доставено до:
- Архива;
- „НЕОКОМ“ АД Скопје
- Претседател на Република Северна Македонија